Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје,
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 03-412/2
08 04 2025 год.

EVN Group

Годишен извештај 2023

за спроведување на

Програмата за усогласеност на активностите на Електродистрибуција ДООЕЛ, Скопје

Скопје, 07.02.2025

Содржина

1 Вовед 4

2 Основни податоци за Операторот на дистрибутивниот систем и вертикално интегрираното друштво 5

2.1 Оператор на дистрибутивниот систем ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ 5

2.2 Меѓусебни односи на Операторот на дистрибутивниот систем и Вертикално интегрирано друштво ЕВН Македонија АД 5

3 Независност на Операторот на електродистрибутивниот систем 6

3.1 Правно раздвојување 6

3.2 Функционално раздвојување 6

3.3 Финансиско и сметководствено раздвојување 10

3.4 Информациско раздвојување 10

4 Програма за усогласеност на активностите на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ 11

4.1 Формално усвојување на Програмата 11

4.2 Именување на Одговорно лице за следење и имплементација на Програмата 12

4.3 Информирање и обука на вработените од страна на Службеникот за усогласеност 13

4.4 Управување со процеси на работење и организација 15

4.5 Планирање на инвестиции, инвестиционо одржување и тековно одржување на дистрибутивниот систем 16

4.6 Пристап до нови приклучоци за обновливи извори 17

4.7 Промена на снабдувач 18

5 Оцена и наоди за усогласеноста на активностите на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ 18

5.1 Назначување и отповикување на Управителите на Друштвото 18

5.2 Независност на Управителите 19

5.3 Надзор над работењето на Друштвото 19

5.4 Управување и одржување на инфраструктура за вршење на дејност дистрибуција на електрична енергија 20

5.5 Трансфер на вработени кон и од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ и поврзаните друштва 20

6 Резиме / Заклучок 21

1 Вовед

Овој извештај овозможува преглед на најважните аспекти коишто се дел од Програмата за усогласеност на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје како вршител на регулирана енергетска дејност оператор на електродистрибутивен систем. Истиот има за цел да го нотира степенот на усогласеност на операторот, напредокот што е направен во изминатиот период, но и да ги идентификува деловите каде што има простор за подобрување.

Извештајот треба да им служи на сите чинители во енергетскиот систем, со посебен акцент на регулаторните тела, менаџментот како и општеството во целина бидејќи ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје е давател на јавна услуга и има обврска да работи во согласност со законските прописи, а особено со Законот за енергетика и подзаконските акти кои произлегуваат од него. Преку транспарентно прикажување на сите наоди и индикатори, овој извештај треба да овозможи зголемена доверба во вршењето на должноста од страна на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, но и да гарантира континуирано подобрување на целокупната организација во компанијата.

Основна цел на Програмата е да се воспостави формална рамка која ќе овозможи активностите на друштвото, како и однесувањето на сите вработени или ангажирани лица од страна на истото да се усогласи со принципот на недискриминација. Истиот пред се се однесува на обезбедување на еднаков и транспарентен пристап на сите учесници на пазарот на електрична енергија при давањето на услуги од страна на ОДС. Понатаму, со Програмата се утврдуваат мерките кои ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ ги презема во насока на исполнување на законските обврски за независно и одвоено работење од вертикално интегрираното друштво ЕВН Македонија АД.

Врз основа на Програмата, извештајот е структуриран во шест поглавја кои ги отсликуваат најважните аспекти усогласеност и истиот ја задржува структурата од претходните години со цел да се овозможи споредливост и унифицираност во информирањето. Сепак, поради динамичноста на енергетскиот сектор во изминатите години, додадени се нови содржини пред се во делот на обезбедувањето еднаков пристап до нови приклучоци за производителите од обновливи извори на енергија.

Истиот се изготвува од страна на службеникот за усогласеност на операторот на електродистрибутивниот систем кој има обврска да доставува редовни годишни извештаи до Регулаторната Комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: РКЕ) за спроведување на Програмата за усогласување на активностите на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ за обезбедување на објективност, транспарентност и спречување на дискриминаторско однесување при вршење на дистрибуција на електрична енергија.

2 Основни податоци за Операторот на дистрибутивниот систем и вертикално интегрираното друштво

2.1 Оператор на дистрибутивниот систем ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ

Со одлука на Управниот Одбор на вертикално интегрираното друштво ЕВН Македонија АД, бр. 02-7985/2/12 од 25.08.2016 година, а во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва, со упис во Централен регистар на Република Македонија на 12.09.2016 година формирано е ново друштво "ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија", со скратен назив "ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје" (во понатамошниот текст: ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, односно од 19.12.2018: ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ), ЕДМБ 7149239, и основна дејност дистрибуција на електрична енергија.

ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ својата основна дејност заведена во Централниот регистар ја извршува врз основа на Лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија со евидентен број: ЕЕ-06.03.1/05,2/16, издадена од РКЕ во согласност со Законот за Енергетика со одлука бр. 12-80/16 од 09.12.2016 година.

Согласно член 97, став 5, точка 3 од Законот за енергетика ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ на 19.12.2018 година изврши промена на називот на друштвото во ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ.

2.2 Меѓусебни односи на Операторот на дистрибутивниот систем и Вертикално интегрирано друштво ЕВН Македонија АД

ЕВН Македонија АД е енергетска компанија која на македонскиот пазар е активна од 2006 година. Дел е од ЕВН АГ Групацијата од Австрија, европски бренд за услуги во доменот на енергијата и животната средина. ЕВН АГ е сопственик на 90% од капиталот на ЕВН Македонија АД. Со Одлука на РКЕ бр. УП1 бр. 02-1453/1 од 28.11.2005 година на „Електростопанство на Македонија" Акционерско друштво за дистрибуција и снабдување со електрична енергија, во државна сопственост - Скопје издадена е лиценца за енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија" бр.104/05).

На 05.12.2007 е извршена промена на називот на фирмата „Електростопанство на Македонија" во „ЕВН Електростопанство на Македонија, Акционерско друштво за дистрибуција и снабдување со електрична енергија, Скопје" со скратен назив „ЕВН Македонија АД, Скопје" (во понатамошниот текст: ЕВН Македонија АД).

Со Одлука бр. 12-80/16 од 09.12.2016 година за менување и пренос на лиценцата за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија со евидентен број: ЕЕ-06.03.1/05, издадена од РКЕ во согласност со Законот за Енергетика, лиценцата е префрлена од ЕВН Македонија АД на ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ. ЕВН Македонија АД во моментов нема активна Лиценца за вршење на енергетска дејност издадена од РКЕ во согласност со Законот за Енергетика.

ЕВН Македонија АД е основач и единствен содружник (100% сопственик) на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ. Објектите преку кои носителот на лиценца ќе ја врши дејноста дистрибуција на електрична енергија се сопственост на ЕВН Македонија АД, дадени на користење на носителот на лиценцата со Договор за работење, управување и одржување на електродистрибутивната мрежа бр. 03-104/1 од 29.12.2016. Помеѓу ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА

ДООЕЛ и ЕВН Македонија АД на 29.12.2016 година склучен е Договор за обезбедување на заеднички услуги (SLA) бр.03-114/1, како и Договор за обезбедување на заеднички услуги (SLA) бр.03-115/1 помеѓу ЕВН Македонија АД и ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје, исто склучен на 29.12.2016 година.

3 Независност на Операторот на електродистрибутивниот систем

Законот за енергетика пропишува обврска за независност на Операторот на електродистрибутивниот систем кој е дел од вертикално интегрирано друштво. Независноста на Операторот на електродистрибутивниот систем се утврдува врз основа на повеќе параметри поврзани со: (1) правното, (2) функционално и (3) сметководствено раздвојување од основачот , односно од вертикално интегрираното друштво.

ЕВН Македонија АД спроведе целосно правно, функционално, менаџерско, финансиско и информациско раздвојување на различните енергетски дејности.

3.1 Правно раздвојување

За реализација на обврската за правно раздвојување на Операторот на електродистрибутивниот систем (ОДС), ЕВН Македонија АД како вертикално интегрирано друштво кое ги вршеше енергетските дејности производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија, во согласност со Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр. 16/2011, 136/2011, 79/2013, 164/2013, 41/2014, 151/2014, 33/2015, 192/2015, 215/2015, 6/2016, 53/16 и 189/2016) основаше посебни трговски друштва кои вршат производство, диструбуција и снабдување со електрична енергија, врз основа на соодветни лиценци за вршење на енергетска дејност издадени од страна на РКЕ.

Врз основа на лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија на 12.09.2016 формирано е Друштвото "ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, Друштво за дистрибуција на електрична енергија".

Со друштвото управуваат Управители согласно правата и обврските содржани во Изјавата за основање на ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје, бр. 01-335/1 од 30.01.2017 година, односно 01-5419/1 од 19.12.2018 година.

3.2 Функционално раздвојување

Кога Операторот на електродистрибутивниот систем е дел од вертикално интегрираното друштво тогаш тој мора да се усогласи со барањата за функционално раздвојување. Во Објаснувачката белешка на Европската Комисија е објаснето дека функционалното раздвојување мора да вклучува:

- раздвојување на менаџментот,
- независност во носење одлуки на ДСО,
- одвоен идентитет во комуникација и брендирање,
- зачувување на доверливост на чувствителни деловни информации.



ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ ја извршува дејноста дистрибуција на електрична енергија независно од останатите дејности кои се извршуваат во рамки на вертикално интегрираното друштво.

Со одлука бр. 02-26/1 од 29.11.2016 година донесен е Правилник за внатрешна организација на ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, со кој се уредува внатрешната организација на новото друштво за дистрибуција на електрична енергија.

Со воспоставувањето на нова организациска структура на вертикалното интегрирано друштво ЕВН Македонија АД, во која постои јасно разграничување на мрежните функции од функциите кои ги вршат останатите организациони единици на поврзаните друштва во рамки на ЕВН Македонија АД, се овозможи јасно разграничување на дејноста и на управувачката функција.

Во текот на 2017 година формално се воспоставија процеси и процедури со кои се разграничија овластувањата и надлежностите на раководните структури во вертикално интегрираното друштво.

Управниот одбор на ЕВН Македонија АД и другите одговорни лица во вертикално интегрираното друштво немаат влијание во управувањето и раководењето со секојдневните активности на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ. Со цел обезбедување на поголема независност на управителите на Друштвото во управувањето и раководењето со секојдневните активности на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, од страна на Единствениот содружник со одлука бр. 02-11033/2/15 од 15.12.2016 година формирана е Советодавна Комисија на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје, составена од членови на Надзорниот Одбор на ЕВН Македонија АД чија цел е советување на Единствениот Содружник при подготвување и донесување на одлуки, како и на Управителите на Друштвото. Воедно, за да се уреди поблиску начинот и работата на Советодавната Комисија, донесен е Правилник за работа на Советодавната Комисија на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје.

На 23.01.2017 година донесен е Правилник за потписи на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје, со кој формално се дефинирани овластувањата во однос на процесот на оперативно одлучување. Сите оперативни одлуки во 2022 година во врска со управување, одржување и развој на дистрибутивниот систем се донесени исклучиво од страна на Управителите на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ. Одлуката за одобрување на финансиски средства за инвестиции, развој и одржување на дистрибутивната мрежа за 2022 година, е донесена од страна управителите на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, со одобрување и од страна на единствениот содружник во друштвото ЕВН Македонија АД, и независно од влијанието на интересите на учесниците на пазарот за електрична енергија.

Условите за работење на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ и непречената извршување на дејноста е овозможено преку правно регулирање на меѓу-компаниските односи од аспект на основните средства, нивното управување и одржување, како и обезбедувањето на заеднички услуги меѓу поврзаните друштва во рамки на вертикално интегрираното друштво.

Основните средства кои се во сопственост на вертикално интегрираното друштво ЕВН Македонија АД, а се во функција на вршење на дејноста дистрибуција на електрична енергија, се дадени на користење, управување и одржување на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ со Договор за работење, управување и одржување од 29.12.2016.

Во исто време склучени се и договори за обезбедување на заеднички услуги. Согласно Договорот за обезбедување на заеднички услуги (SLA) бр.03-114/1, склучен помеѓу ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје и ЕВН Македонија АД на 29.12.2016 година, ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ обезбедува услуги во рамки на вертикалното интегрирано друштво, кои се достапни во согласност со расположливите капацитети на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ со исти услови и за останатите учесници на пазарот на електрична енергија.

Исто така склучен е и Договор за обезбедување на заеднички услуги (SLA) бр.03-115/1 помеѓу ЕВН Македонија АД и ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје на 29.12.2016 година. Согласно овој Договор, а со цел за намалување на трошоците во електроенергетскиот сектор и намалување на притисокот врз тарифите за дистрибуција на електрична енергија, административните и други општи активности кои не се карактеристични исклучиво за дејноста дистрибуција на електрична енергија (управување со човечки ресурси, комуникации, финансиски услуги, кориснички контакт центар и сл.) се обезбедуваат од страна на организациските единици во состав на вертикалното интегрирано друштво ЕВН Македонија АД, без притоа да ја нарушат независноста во делувањето и одлучувањето во ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ. Ова пред се се однесува за функции чиишто трошоци се фиксни и не зависат од бројот на вработени во друштвото, при што секое ново основање на функцијата во ново друштво би довела до дуплирање на трошоците. Од друга страна стратешките функции како оперативен контролинг се дел од ОДС со цел да се запази независното спроведување на активностите на компанијата како и оптималната употреба на ресурсите. Во насока на исполнување на условот за доволни човечки, финансиски и физички ресурси за обавување на дејноста компанијата има посебен систем за планирање на човечките капацитети наречен „КАПА". Притоа одделот оперативен контролинг во рамките на годишното планирање на буџетот како и за време на секое квартално предвидување (март, јуни, септември) прави преглед на потребните човечки капацитети, а врз основа на планираните активности за работа од страна на организациските единици. Понатаму, за време на кварталните планирања и годишното буџетирање преку одделот оперативен контролинг се прават детални предвидивања на финансиските ресурси со коишто треба да располага компанијата, а се со цел обезбедување квалитетна и сигурна испорака на електрична енергија до корисниците. Во таа насока е и фактот дека во последните години се одобрени и реализирани рекордни нивоа на инвестиции.

Што се однесува до насоката за исполнување на обврската утврдена во член 97, став 5, точка 3 од Законот за енергетика со која Операторот на електродистрибутивниот систем има обврска да обезбеди посебен корпоративен идентитет кој нема да создава забуна со идентитетот на правиот субјект кој врши дејност снабдување со електрична енергија кој е дел од вертикалното интегрирано друштво, ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје со одлука бр. 02-3475/2/7 од 19.12.2018 година изврши промена на називот на друштвото во ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје.

3.3 Финансиско и сметководствено раздвојување

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ има посебни банкарски сметки на кои се евидентираат остварените приходи од работењето и од кои се вршат плаќања на трошоците. Имајќи во предвид дека ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ е друштво кое е лиценцирано за вршење само на една дејност - дистрибуција на електрична енергија, не постои потреба за раздвојување на финансиските извештаи по дејности. Финансиските извештаи се изготвуваат во склад со меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување. Редовно се изготвуваат годишни финансиски извештаи, кои се предмет на ревизија од страна на независен овластен ревизор. Согласно обврските дефинирани во Лиценцата за вршење на енергетска дејност дистрибуција на електрична енергија ревидираните финансиски извештаи се доставуваат до РКЕ.

3.4 Информациско раздвојување

Со воспоставување на нова организациска структура на вертикалното интегрирано друштво ЕВН Македонија АД, воспоставено е јасно разграничување на мрежните функции преку воведување на соодветна организациската структура на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ. При тоа, со поставување на Одделот за информатички и телекомуникациски техники во рамки на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ во чија надлежност е управување со сите информатички и комуникациски системи од една страна како и управување со пристапот на вработените до истите, постигнат е висок степен на информациско раздвојување на Операторот на електродистрибутивниот систем од останатите поврзани друштва.

Имајќи во предвид дека во овој сегмент ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ обезбедува соодветни заеднички услуги утврдени со Договорот за обезбедување на заеднички услуги (SLA) бр.03-114/1, склучен помеѓу ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје и ЕВН Македонија АД, Скопје на 29.12.2016 година, пристапот и користењето на информациските и комуникациски системи и/или апликации е строго утврден и регулиран во согласност со повеќе деловни упатства, насоки и соодветни процеси, како: RL-NI-01 - Доделување, промена или прекин на кориснички права на пристап до апликација; RL-NI-11 - Пристап до ИКТ просторија, и други.

Од 01.01.2022 се користи нова верзија на ERP (Enterprise resource planning) софтвер S/4HANA од компанијата SAP. При имплементацијата на новиот софтверски пакет се запазени сите потребни мерки во поглед на доделените пристапи до соодветните модули, т.е. пристап до податоци во зависност од работната позиција во ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ или останатите поврзани друштва.

4 Програма за усогласеност на активностите на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ

4.1 Формално усвојување на Програмата

ЕВН Македонија АД спроведе целосно правно, функционално, менаџерско, финансиско и информациско раздвојување на различните енергетски дејности.

Во таа насока, почнувајќи од 01.01.2017 година дејноста дистрибуција на електрична енергија ја врши ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ. Во согласност со член 78, став 3 од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија бр. 16/2011, 136/2011, 79/2013, 164/2013, 41/2014, 151/2014, 33/2015, 192/2015, 215/2015, 6/2016, 53/2016 и 189/2016), ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ како носител на лиценца за дистрибуција на електрична енергија, подготви Програма за усогласување на активностите на ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ за обезбедување на објективност, транспарентност и спречување на дискриминаторско однесување при вршење на дистрибуција на електрична енергија.

Во согласност со законските одредби, ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ на 13.02.2017 година со допис бр. 12-353/1 од 21.02.2017 година достави на одобрување до РКЕ предлог Програма за усогласување на активностите на ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ за обезбедување на објективност, транспарентност и спречување на дискриминаторско однесување при вршење на дистрибуција на електрична енергија.

Со Решение бр. 02-603/1 од 20.03.2017 година РКЕ ја одобри Програмата за усогласување на активностите на ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ. По одобрување на Програмата, Управителите со одлука бр. 02-1349/2/2 на 30.03.2017 формално ја усвоија Програмата, со што ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ се обврза дека континуирано ќе презема активности во насока на исполнување на законските обврски за обезбедување на своите услуги на недискриминаторски, објективен и транспарентен начин.

Целта на Програмата за усогласеност е да дефинира постапки кои ќе придонесат активностите кои ги презема Операторот на електродистрибутивниот систем, потоа однесувањето на вработените или ангажираните лица од страна на операторот, да бидат во согласност со начелата на објективност, транспарентност, недискриминација и независност.

Преку спроведување на оваа Програма ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ треба да обезбеди:

- сигурна, безбедна и квалитетна испорака на електрична енергија до/од корисниците на дистрибутивната мрежа и
- спречување на дискриминаторно однесување, објективност и транспарентност во вршењето на јавна услуга дистрибуција на електрична енергија од страна на ОДС.

Преку програмата се утврдуваат потребните мерки потребни за оневозможување на дискриминација на корисниците на електродистрибутивниот систем по било кој основ, се утврдуваат обврските на вработените во реализацијата на Програмата, како и начинот на следење на усогласеноста на работењето на Операторот на електродистрибутивниот систем со обврските утврдени со Законот за енергетика и Програмата за усогласеност.

Дополнително, со цел усогласување со одредбите од Законот за енергетика (Службен весник на Република Македонија, бр. 96/2018 година), заради исполнување обврските кои произлегуваат од член 97, став 6 од овој закон, Операторот на електродистрибутивниот систем на 02.10.2018 година со допис бр. 20-3863/1, достави на одобрување предлог текст на Програма за усогласување на активностите на ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ за обезбедување на објективност, транспарентност и спречување на дискриминаторско однесување при вршење на дистрибуција на електрична енергија. Текстот на предлог Програмата за усогласување беше доставен до Секретаријатот на Енергетската заедница заради увид и забелешки. По доставување на забелешките од страна Секретаријатот, како и забелешките доставени од страна на РКЕ кои се однесуваа на појаснување и допрецизирање на текстот, Програмата за усогласување е прилагодена согласно дадените насоки и истата е одобрена од страна на РКЕ со Решение бр.02-2212/1 на 16.11.2018 година.

РКЕ со Решение бр.12-1640/4 од 12.10.2021 година, го одобри Годишниот извештај за спроведување на програмата за усогласеност ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ за 2020 година.

РКЕ со Решение бр.12-15/1 од 05.01.2023 година, го одобри Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ за 2021 година.

На 19.10.2023 година РКЕ го одобри Годишниот извештај за спроведување на Програмата за усогласеност на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ за 2022 година бр. 12-1577/4 од 13.10.2023 година, со Решение бр. 12-1577/5 од 19.10.2023 година од 19.10.2023 година.

Извештајот е јавно објавен на интернет страницата на Друштвото:
https://www.elektrodistribucija.mk/About-us/Compliance-program.aspx

4.2 Именување на Одговорно лице за следење и имплементација на Програмата

Програмата за усогласување на активностите на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ за обезбедување на објективност и транспарентност и спречување на дискриминаторно однесување при вршење на дејноста дистрибуција на електрична енергија, предвидува именување на одговорно лице за следење и имплементација на истата.

Во согласност со Законот за енергетика, а во согласност со точка 7 од Програмата за усогласеност, РКЕ со Решение за одобрување на назначувањето бр. 12-143/2 на 01.02.2024 го одобри назначувањето на Мартин Јосифов, магистер по економија и бизнис, како Службеник за следење и имплементирање на оваа Програма. Тој го наследи претходниот службеник, Фисник Осеку, којшто ја извршуваше оваа функција се до неговото именување.

Дополнително, во насока на исполнување на обврските произлезени од став 6 на член 97, а во смисла на став 10 од член 237 од Законот за енергетика, ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ со одлука на управителите бр.02-628/2/1 од 04.03.2024 година го назначи Мартин Јосифов како одговорно лице и службеник за следење и имплементирање на Програмата за усогласеност согласно актите на друштвото.

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ има должност да му ги стави на увид сите информации и податоци потребни за остварување на овластувањата на Службеникот за усогласеност. Во текот на 2023 бараните информации и податоци беа навремено и целосно доставени до Службеникот за усогласеност.

Службеникот за усогласеност континуирано ја следи реализацијата на Програмата врз основа на што го подготвува годишниот извештај од аспект на: објективност, транспарентност,

непристрасност и независност во работењето на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ; оневозможување на дискриминација на корисниците на електродистрибутивниот систем по било кој основ; доверливост на деловните податоци на корисниците на електродистрибутивниот систем; едукација и информирање на Управителите на и вработените на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ во врска со постапување во согласност со начелата за независност, транспарентност и непристрасност.

Во текот на годината Службеникот за следење и имплементирање на Програмата, согласно утврдените надлежности, вршеше анализа на потребните информации и податоци за следење на почитувањето на начелата дефинирани во Програмата од страна на вработените во ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ. Во овој период во фокусот беа организациски делови кои учествуваат во креирање и спроведување на деловната политика на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ.

Имајќи во предвид дека Службеникот за следење и имплементирање на Програмата е професионално ангажиран во ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ како раководител на Одел за Оперативен Контролинг, чија основна функционалност е изготвување на годишен и среднорочен план за инвестиции и инвестиционо одржување, план за тековни трошоци и одржување како и координација во планирањето на перформансите, анализа на очекувањата за реализација на планот и отстапувањата, истиот има постојан увид во активностите и процесите кои се спроведуваат а се поврзани со пристап и приклучување на електродистрибутивниот систем, методологиите за утврдување на надоместоци во дистрибутивниот систем, одржување и инвестиции, процесот на набавка на електрична енергија за покривање на загуби во дистрибутивниот систем, како и управување со истиот. Дополнително, како Раководител на одделот Оперативен Контролинг, Службеникот за усогласеност има директен увид во независноста на одлуките на менаџментот на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ во однос на одобрувањето на барањата за персонал и менаџирањето на човечките ресурси на компанијата.

Имплементација и активности на Програмата во 2023

4.3 Информирање и обука на вработените од страна на Службеникот за усогласеност

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ има преземено активности за запознавање на сите вработени со одредбите и начелата на Програмата за усогласување на активностите на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ за обезбедување на објективност, транспарентност и спречување на дискриминаторско однесување при вршење на дистрибуција на електрична енергија.

Во 2022-ра се организирани и спроведени обуки со кои се опфатени вработените во рамки на сите организациони единици. Во текот на 2023-та година се продолжи со информирање на нововработените за обврските коишто произлегуваат за ОДС во поглед на обезбедување еднаков, транспарентен и недискриминаторен пристап кон сите чинители во енергетскиот систем. Имајќи го во предвид фактот дека на пазарот на електрична енергија се активни голем број на снабдувачи, овие известувања уште еднаш ја потенцираат важноста за еднаков пристап кон информациите и услугите коишто ги даваат вработените на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ кон снабдувачите, како и крајните корисници.

Следењето на обуките од страна на вработените е задолжително со писмена потврда за присутност на истите. Сите вработени се соодветно информирани за обврската за строго

почитување и придржување кон начелата дефинирани во Програмата, како и за последиците од непридржување кон одредбите од оваа Програма и утврдување на дисциплинска одговорност согласно актите на друштвото.

Целта на оваа обука е да ги запознае вработените со примената на важечките законски одредби и политиките на компанијата насочени кон почитување на објективноста, транспарентноста, независноста, професионалната етика и интегритет за реализација на Програмата за усогласеност.

Вработените во ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ се запознаени со информации и материјали за Системот за усогласеност, како и со обврските кои од неа произлегуваат и преку официјалната интернет страна на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ. (https://www.elektrodistribucija.mk/About-us/Compliance-program.aspx)

Во табелата подолу се наоѓа преглед на бројот на вработени по организациони единици во ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ според евиденцијата во 10. месец 2024-та година. Сите раководители на оддели во ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ се вработени во истата.

КЕЦ / Централен Оддел	***Број на Вработени***
КЕЦ Аеродром	85
КЕЦ Битола	43
КЕЦ Делчево	29
КЕЦ Г.Петров	77
КЕЦ Гостивар	63
КЕЦ Кавадарци	40
КЕЦ Кичево	35
КЕЦ Кочани	40
КЕЦ Кратово	33
КЕЦ Куманово	60
КЕЦ Охрид	44
КЕЦ Прилеп	45
КЕЦ Штип	39
КЕЦ Струга	48
КЕЦ Струмица	45
КЕЦ Тетово	70
КЕЦ Велес	34
КЕЦ Гевгелија	37
КЕЦ В.Главинов	82
NA - КЕЦ Оператива	2
NC - Оперативен Контролинг	9
NDI - Мрежна Дигитализација	2
NE - Мрежен Инженеринг	31
NF - Управување со Мрежа	127
NH -Високонапонски Постројки	77
NI - Информатички и Телеком. технологии	51
NL - Управување со Објекти и Логистика	43
NM - Мерење на Мрежа	51

NR - Теренско Отчитување	204
NS - Заштита при Работа	5
NV - Билинг	72
Вкупно	**1.624**

Број на вработени во месец октомври 2024

4.4 Управување со процеси на работење и организација

Согласно начелата утврдени во Програмата за усогласување на активностите на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ за обезбедување на објективност, транспарентност и спречување на дискриминаторско однесување при вршење на дистрибуција на електрична енергија, внатрешните процеси на работење и организација не создаваат повластена положба на корисници на електродистрибутивниот систем за сметка на останатите корисници на електродистрибутивниот систем.

Имено, во рамки на друштвото дефинирани се повеќе од 120 интерни процеси во насока на извршување на деловните активности во процесот на дистрибуција со електрична енергија и управување на електродистрибутивниот систем, кои како организациски документи на друштвото се усогласени со важечките закони, праксата, стандардите и важечките договори. Начинот на нивно постојано усогласување со регулаторната рамка е утврдено со деловно упатство GA-CP-08 - Организациски документи, кое ја регулира постапката за подготовка, измена, верификација, одобрување, објавување и укинување на организациски документи, како и процес за нивно постојано подобрување.

Во таа насока, секоја од организациските единици на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ имаат обврска еднаш годишно да ги проверат своите важечки процеси и доколку е потребно да ги ревидираат или изменат истите.

Листа на внатрешни акти – деловни упатства, насоки и интерни процеси со кои се обезбедува еднаков третман на корисниците на електродистрибутивниот систем при вршење на дистрибуција на електрична енергија:

MK-NA-01	Потреба од приклучок за нов потрошувач
MK-NA-02	Стандарден приклучок до 100 kW
MK-NA-03	Стандарден приклучок од 100 до 400 kW
MK-NA-04	Нестандарден приклучок во КЕЦ
MK-NA-05	Нестандарден приклучок во NE
MK-NA-06	Приклучок за изолиран корисник
MK-NA-11	Неовластено преземање на електрична енергија
MK-NA-12	Исклучување на домаќинства и СОХО корисници
MK-NA-15	Постапување по поплаки за квалитет на напојување со ЕЕ
MK-NA-26	Промена на корисник по барање на корисник-снабдувач
MK-NA-29	Одјава на броила
MK-NA-36	Процесирање на барање од корисник

MK-NA-41	Ажурирање на податоци од корисници
GA-NC-01	Планирање на инвестиции, инвестиционо одржување и тековно одржување
MK-NC-01	Постапка за одобрување и буџетирање на непланирани проекти
MK-NC-02	Постапка за корекција на претходно одобрен буџет на проект
MK-ND-12	Дневна достава на лоад профили до Снабдувачи и Маркет Оператор
MK-NE-02	Нов приклучок на дистрибутивен производител
RL-NV-05	Критериуми и постапки за изготвување на налози за исклучување на корисници
MK-NV-01	Промена на снабдувач
MK-NV-03	Исклучување на корисници со далечински управувани броила
MK-NV-04	Повторен приклучок на корисници со далечински управувани броила
MK-NV-07	Третирање на барање за регистрирање како корисник со сензитивен процес - CSP
MK-NV-08	Исклучување на Индустриски, Јавни и Буџетски корисници на регулиран пазар и либерализирани по барање на ОДС
MK-NV-09	Исклучување на либерализирани корисници по барање на Снабдувач
MK-NV-10	Повторно приклучување на исклучен корисник по барање на Снабдувач
MK-NV-11	Проверка и промена на категорија на приклучок
MK-NV-12	Регистрирање на Виртуелна Мерна Точка (ВМТ) на учесник на пазар на електрична енергија
MK-NV-13	Промена на снабдувач - Снабдувач во краен случај Универзален снабдувач
MK-NV-14	Изготвување на налози за исклучување за корисници со броила без далечинска комуникација на Универзален Снабдувач

Контактот со корисниците ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ го врши преку своите 19 корисничко енергетски центри (КЕЦ) во чиишто рамки се интегрирани дополнителни 5 приемни канцеларии, како и преку кориснички контакт центар и Инфо центарот. Користењето на корисничкиот контакт центар е обезбедено како сервисна услуга од страна на ЕВН Македонија АД во согласност со договорот за обезбедување на заеднички услуги (SLA) бр.03-115/1 склучен на 29.12.2016 година помеѓу ЕВН Македонија АД и ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ.

Во текот на 2023 година немаше предмети за анализа при Комисијата за заштита на конкуренција.

4.5 Планирање на инвестиции, инвестиционо одржување и тековно одржување на дистрибутивниот систем

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ на годишна основа подготвува Програма за инвестиции и инвестициско одржување на електродистрибутивниот систем. Процесот на изготвување како Програмата за инвестиции и инвестициско одржување е утврдена со Деловно упатство GA-NC-01, со кое се дефинираат чекорите на подготовка, одобрување и спроведување како на планираните така и на непланираните активности на друштвото. Во рамки на програмата за инвестиции и инвестиционо одржување се одобруваат проекти коишто имаат цел да ги подобрат перформансите на електродистрибутивниот систем. Во процесот на одлучувањето за тоа кои

проекти ќе се одобрат и во кој дел на електродистрибутивната мрежа ќе се инвестира се земаат следните критериуми: :

- dU и Sk3 со фокус кон подобрување на напонските прилики
- SAIDI и SAIFI како клучни параметри при мерење на стабилноста и сигурноста на дистрибутивната мрежа
- Влијание врз намалувањето на загубите во мрежата
- Дали инвестицијата е во согласност со мастер планот и среднорочното планирање за да се овозможи стратешки развој на мрежата
- Создавање на услови за приклучување на нови потрошувачи
- Подобрување на условите за процес специфични корисници
- Поплаки од страна на корисници
- Исполнети законски/административни услови за започнување со реализација
- Подготовка на динамички/временски план за прецизно планирање и реализација на проектот
- Статусот на реализација на инвестициите од тековната и претходната година

Проектите се разгледуваат и одобруваат од страна на одделот Оперативен контролинг како и одделот Мрежен Инженеринг коишто се дел од ОДС. На тој начин е осигурено дека компанијата ги запазува нормите за усогласеност и постапува независно во одлуките во еден од најважните сегменти во работењето. Финално, Управителите на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ ја одобруваат програмата за инвестиции, инвестиционо и тековно одржување по што истата се потврдува со одлука од страна на Управниот Одбор на ЕВН Македонија.

Со цел зајакнување на независноста во одлучувањето, ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ во 2023-та година воведе електронски формулари за одобрување, преодобрување и корекција на буџет за сите проекти што се дел од инвестиционата и програмата за инвестициско одржување. Истите подлежат на електронско одобрување исклучиво од страна на Управителите на Друштвото со што се гарантира независноста од нејзиниот содружник.

4.6 Пристап до нови приклучоци за обновливи извори

Изминатите две години беа години на брзи промени на енергетскиот систем коишто несомнено се отсликаа во работењето на ОДС. Ова пред се се однесува на огромниот број на барања за приклучоци на дистрибуирани производители за фотоволтаични централи на електродистрибутивниот систем. Имајќи ги во предвид начелата за недискриминаторски пристап од Програмата за усогласеност, ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ во 2023-та година работеше на реализација на 351 приклучок за фотопнапонски централи од коишто само еден приклучок се однесуваше на фотонапонска централа во сопственост на вертикално интегрираното друштво ЕВН Македонија. Оваа бројка уште еднаш ја потврдува независноста и еднаквиот пристап на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ кон сите корисници и чинители во енергетскиот систем. Дополнително, со цел следење на трошоците за приклучок на обновливите извори на енергија, ОДС дефинираше нова програма за инвестиции во овој тип на приклучоци, а беше дефиниран и посебен образец за давање мислење во врска со овој тип приклучоци.

Сите барања за согласност за приклучување се примани преку Архивата на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ и понатаму обработувани согласно законските рокови со што е запазен принципот на прв дојден прв услужен.

4.7 Промена на снабдувач

Промената на снабдувач ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ ја спроведува во согласност со регулаторната рамка дефинирана во Правилата за снабдување со електрична енергија утврдена преку интерен процес на постапување "MK-NV-01- Промена на снабдувач„. Со цел да се обезбеди потполна независност и транспарентност на постапката на промена на снабдувачот, истиот се спроведува по електронски пат, преку платформа до која имаат пристап сите регистрирани снабдувачи со електрична енергија.

Број на реализирани барања за промена на снабдувач:

Година:	*2023*
Барања:	*14.547*

Број на приговори добиени од страна на снабдувачите во врска со промена на снабдувач:

Година:	*2023*
Број на приговори:	*0*

Врз основа на овие податоци може да се нотира дека се забележува драстично амалување на бројот на приговори во врска со промената на снабдувач што сигнализира дека компанијата има преземено мерки со цел намалување на бројот на приговорите врз овој основ.

5 Оцена и наоди за усогласеноста на активностите на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ

Како резултат на следењето на активностите на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ од страна на Службеникот за следење и имплементирање на Програмата, согласно утврдените надлежности, притоа имајќи ги во предвид почитувањето на основните начела дефинирани во Програмата, ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ со одлука бр. 02-3475/2/7 од 19.12.2018 година изврши промена на одредени одредби од Изјавата за основање на Друштвото кои се однесуваат на зајакнување на независноста во вршењето на дејноста дистрибуција на електрична енергија и исполнување на обврската за вршење на јавна услуга на недискриминаторен, објективен и транспарентен начин.

Во продолжение даден е осврт на клучните наоди кои се однесуваат на усогласеноста на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ во вршењето на активностите како носител на лиценцата за дистрибуција со електрична енергија.

5.1 Назначување и отповикување на Управителите на Друштвото

Во согласност со Законот за трговските друштва, изборот, назначувањето и отповикувањето на Управителите на Друштвото е во рамки на надлежноста на Единствениот содружник на Друштвото, односно од страна на Управниот одбор на ЕВН Македонија АД. Иако во согласност со именуваниот закон, вака дефинираните надлежности на Единствениот содружник можат директно да влијаат врз управувањето на Друштвото, а со тоа и врз независноста во вршењето на активностите дефинирани во лиценцата за дистрибуција со електрична енергија.

Избегнување на можноста од директното влијание во управувањето и раководењето со секојдневните активности на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ од страна на Единствениот содружник на Друштвото е постигнато со пренесување на правото за избор, именување и отповикување на Управителите од страна на Надзорниот Одбор на ЕВН Македонија АД, наместо директно од Управниот Одбор. Сепак, за да се задржи усогласеноста на одредбите на Изјавата за основање на Друштвото со Законот за трговските друштва, каде е јасно дефиниран органот кој може да врши избор и отповикување на Управителите на Друштвото, дефинирани се одредени деловни активности кои подлежат на обврска за добивање на претходна согласност од страна на Надзорниот одбор на Единствениот содружник со што и одлуката на Управниот Одбор на Единствениот содружник подлежи на претходно одобрување. На овој начин е обезбедена потполна усогласеност со регулаторната рамка од аспект на Законот а трговските друштва од една страна, како и независност на Управителите на Друштвото во извршувањето на активностите на истото од друга страна.

5.2 Независност на Управителите

Независноста на Управителите на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ произлегува од раздвојувањето во однос на вертикално интегрираното друштво ЕВН Македонија АД.

Програмата за усогласеност на активностите на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ за обезбедување на објективност и транспарентност и спречување на дискриминаторно однесување при вршење на дејност дистрибуција на електрична енергија јасно дефинира дека лицата кои се одговорни за управувањето и раководењето со Операторот на електродистрибутивниот систем не учествуваат во управувачките и раководните структури на поврзаните друштва кои ги вршат останатите дејности како производство и снабдување со електрична енергија.

Дополнително, лицата одговорни за управување и раководење на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ не можат да бидат именувани и да учествуваат во управувачките и раководните структури во правните субјекти кои се носители на лиценци за производство, пренос, трговија и снабдување со електрична енергија во рамки на вертикалното интегрирано друштво. Притоа, Програмата за усогласеност се дефинира дека лицата одговорни за управување и раководење на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ не можат да добиваат надомест или друг додаток од поврзаните правните субјекти во рамки на вертикално интегрираното друштво ЕВН Македонија АД, како и дека надоместокот кој истите го добиваат за вршењето на активностите во рамки на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ не смее да зависи од финансиските резултати на останатите правни субјекти.

Службеникот за усогласеност, согласно своите овластувања, во текот на 2023-та година постојано го следеше работењето на Управителите со цел запазување на законските одредби од Законот за енергетика во однос на независноста на работењето на Управителите.

5.3 Надзор над работењето на Друштвото

Во согласност со Законот за трговските друштва, надзорот над работењето на Друштвото го врши непосредно Единствениот содружник. Од страна на Единствениот содружник со одлука бр. 02-11033/2/15 од 15.12.2016 година формирана е Советодавна Комисија на ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, составена од членови на Надзорниот Одбор на ЕВН Македонија АД чија цел е советување на Единствениот Содружник како и на Управителите на Друштвото при подготвување и донесување на одлуки.

Уредувањето на начинот на работа на Советодавната Комисија, е извршено преку донесување на Правилник за работа на Советодавната Комисија на ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ.

Со Правилникот утврден е составот како и надлежностите на Советодавната Комисија која е составена од најмалку два, а најмногу шест члена. Воедно, Комисијата има улога на советодавен орган при донесување одлуки од страна на Управителите на Друштвото, како и Единствениот Содружник. Оттука, Советодавната Комисија обезбедува советодавни услуги како и одобрување на сите дејствија кои се надвор од вообичаениот деловен тек на друштвото или за останати постапки значајни за Друштвото, а кои се однесуваат особено на: суштинска промена на предметот на работењето и на дејноста на Друштвото, планирање на билансот на успех, билансот на состојба и финансиски план, вклучително суштествени проширувања и прераспределби на ставки во буџетот, стекнување и продажба на удели и стекнување и продажба на друштва, упатување на вработени во управувачки органи каде Друштвото има мнозински удел и назначување на управители во суштински друштва на групацијата, итн.

5.4 Управување и одржување на инфраструктура за вршење на дејност дистрибуција на електрична енергија

На 29.12.2016 година помеѓу ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ и ЕВН Македонија АД склучен е Договор за работење, управување и одржување бр.03-104/1, со кој се регулира начинот на користење, управување и одржување на основните средства, кои се во сопственост вертикално интегрираното друштво, а се ставени во функција на вршење на основната дејност на ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ - дистрибуција на електрична енергија.
Споменатиот Договор содржи одредби со кои се гарантира обврска на Единствениот содружник како сопственик на инфраструктурата и средствата кои се неопходни за вршење на јавна дејност дистрибуција на електрична енергија истите да му ги додели на користење и одржување во времетраење на лиценца за вршење на соодветната енергетска дејност, како и во целост да ги спроведува годишните програми за инвестиции и инвестиционо одржување доставени од страна на ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ.

Со Изјавата за основање на Друштвото, во согласност со Законот за трговските друштва, утврдена е обврска Управителите на ЕВН ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ да побараат согласност од Единствениот содружник при проширување и прераспределба на програмата за инвестиции, стекнување и отуѓување на основни средства кои надминуваат 5% од одобрената програма за инвестиции, стекнување на недвижнини и удели во недвижнини за оперативни потреби, итн. Иако во согласност со одредбите од Законот за трговските друштва, одобрувањето на проширување и прераспределба на програмата за инвестиции, стекнување и отуѓување на основни средства кои го надминуваат одобрениот буџет е во надлежност на Единствениот содружник, сепак, програмата за инвестиции и инвестициско одржување во целост е предмет на одобрување од страна на Надзорниот одбор на ЕВН Македонија АД, предвидено со Статутот на вертикално интегрираното друштво. Со тоа, обврската за независност на Операторот на електродистрибутивниот систем во процесот на реализација на програмата за инвестиции и инвестициско одржување е исполнета.

5.5 Трансфер на вработени кон и од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ и поврзаните друштва

Согласно Изјавата за основање на Друштвото со истото управуваат двајца управители, при што мандатот на секој управител трае 4 (четири) години, период во кој тие се професионално ангажирани единствено во ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ.

Во текот на 2016 година при формалното формирање на Друштвото, управувањето на истото беше вршено од страна на членовите на Управниот одбор на ЕВН Македонија АД, се до формално отпочнување на вршење на дејноста предвидена во лиценцата издадена од страна на РКЕ. Започнувајќи од 01.01.2017 година, назначени се Управители кои се професионално ангажирани единствено во ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ. Воедно и сите лица кои се одговорни за раководење на друштвото согласно правилникот за внатрешна организација на истото, вклучително и целокупниот персонал започнува со единствен професионален ангажман во ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ преку воспоставување на работен однос со новоформираното друштво. Во случај на премин на вработени помеѓу друштвата кои се во сопственост на вертикално интегрираното друштво ЕВН Македонија АД, постојат јасни и строги правила кои се однесуваат на доделувањето на пристапи како и задолжувањето на ИКТ опрема и уреди. Истите се одредени со посебни интерни насоки.

Во текот на 2023-та година се реализирани следните трансфери на вработени кон и од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ и поврзаните друштва:

- од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ во ЕВН МАКЕДОНИЈА АД вкупно 3 вработени од технички профил

- од ЕВН МАКЕДОНИЈА АД во ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ вкупно 5 вработени од административен профил

- од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ во ЕВН ЕЛЕКТРАНИ ДООЕЛ вкупно 1 вработен од технички профил

6 Резиме / Заклучок

Според сите увиди од страна на Службеникот за усогласеност, во текот на 2023 година, ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје работеше во согласност со Законот за енергетика, подзаконските акти донесени врз основ на истиот, како и одобрената Програма за усогласеност со цел обезбедување на објективност и транспарентност и спречување на дискриминаторско однесување при вршење на дејност дистрибуција на електрична енергија. Вработените во друштвото ги извршуваа своите работни задачи на недискриминаторски начин и ја запазија доверливоста на деловните податоци додека Управителите постапуваа независно и во согласност со начелата во Програмата за усогласеност.

Во текот на 2023-та година најголем напредок беше постигнат во делот на приговорите за промена на снабдувач коишто беа во поголем број во претходните години. Понатаму, компанијата успеа дополнително да ја зајакне транспарентноста и независноста во одлучувањето на Управителите со воведувањето на електронските формулари за одобрување на инвестициските проекти како и да одговори на предизвикот со зголемениот број на барања за приклучок на фотоволтаични централи и покрај фактот што вертикално интегрираното друштво ЕВН Македонија АД е мнозински содружник во компанија за производство на енергија. Дополнително, во блиска иднина ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ очекува да го забрза процесот на

дигитализација со што ќе се овозможи дополнително зајакнување на транспарентноста и исклучување на можноста за влијание од страна на човечки фактор.

Во однос на неусогласености, единствено што може да се нотира во овој Годишен извештај се неколку точки, кои немаат значително влијание на главните начела на Програмата за усогласеност. Станува збор за несуштински неусогласености, од кои повеќето се од формална природа, како што се старите пилони со логото на вертикално интегрираното друштво ЕВН Македонија АД во КЕЦ Аеродром кој беше заменет во текот на 2024 година со нов со логото на ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ (ЕД).

Службеникот за усогласеност ќе продолжи да работи на спроведување и унапредување на Програмата за усогласеност и во 2024-та година и да ги мониторира активностите за обезбедување на на објективност и транспарентност и спречување на дискриминаторско однесување при вршење на дејност дистрибуција на електрична енергија, во однос на (1) правно, (2) функционално, (3) менаџерско, (4) финансиско и сметководствено, и (5) информациско раздвојување на Операторот на дистрибутивниот систем од останатите друштва во рамки на вертикално интегрираното друштво ЕВН Македонија АД.

Овој извештај за усогласеност е доставен до РКЕ.

М-р Мартин Јосифов
Службеник за следење и имплементација на Програмата за усогласување
ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ